2025 • **1 ТРИМЕСЕЧЈЕ** • СЕВЕРНА АЗИСКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА

# МИСИОНСКИ ВЕСТИ

## - искуства од светот за млади и возрасни



# Да се всади Божјата реч

# СОДРЖИНА

**На насловната страница:**

Оливија вели дека обуката на децата да бидат мисионери започнува дома. Таа почнала да го учи својот син да го меморира Светото писмо кога имал 18 месеци. Страница 32

## МОНГОЛИЈА


**4** Нешто поразлично / 4 јануари T

**6** Непријатната девојка / 11 јануари T

**9** Тоа се шпиони / 18 јануари

**12** Во потрага по одговор, I дел / 25 јануари T

**15** Помошникот на учителот II дел / 1 февруари T

**18** Давање шанса на Библијата, дел III / 8 февруари T

**21** Невозможен сон / 15 февруари














## ЈУЖНА КОРЕЈА


**24** Книга што вреди да се прочита / 22 февруари T

**26** Молитва за време на бура / 1 март T

**29** Не можам да живеам вака / 8 март

**32** Да се всади Божјата реч / 15 март

**35** Изнервиран мисионер / 22 март T

**38** Програма на Тринаесетта сабота: Средба со Бога на училиште / 29 март T

**42** Идни проекти на 13-тата сабота














T = Искуства кои можат да бидат од особен интерес за тинејџерите

SEVENTH-DAY ADVENTIST CHURCH®

©2025 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved

12501 Old Columbia Pike, Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

## Драги водачи на саботната школа,

Ендрју Мекчесни
*Уредник*



Ова тримесечје ќе се фокусираме на Северната азископацифичка дивизија (SAPD), која вклучува 8 земји: Бангладеш, Монголија, Јапонија, Непал, Пакистан, Јужна Кореја, Шри Ланка и Тајван. Во оваа дивизија живеат 690 милиони луѓе, од кои 352.000 членови на Христијанската адвентистичка црква. Ова претставува сооднос од 1 адвентист на секои 1.960 луѓе.

Како дел од мисионските активности, оваа дивизија избра пет проекти кои ќе добијат од средствата на 13-тата сабота од ова тримесечје.

Во ова тримесечје ќе прочитате 13 мисионски искуства од Јужна Кореја и Монголија кои зборуваат за Божјата благодат и моќ..

Вашата поддршка за мисијата е многу важна за единството на црквата.

### Специјални карактеристики

Ако сакате да ја оживеете вашата Саботна школа, нудиме фотографии и други материјали кои ќе го придружуваат секое искуство за мисијата. Повеќе информации се дадени на страничната лента од секое искуство. Дополнително, можете да ја преземете PDF верзијата со мисионските факти и активности од Евроазиската дивизија на bit.ly/esd-2024. Следете нè на facebook.com/mission quarterlies. Можете исто така да ја преземете и PDF верзијата на тримесечното издание на вестите од светот „Мисија“ на bit.ly/adultmission и видеата од Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight.

Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови.

Ајде да се здружиме во исполнувањето на Исусовиот налог.

Од дното на моето срце ви посакувам изобилни Божји благослови!

Ендрју Мекчесни
Уредник на списанието

### Можности

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе се употребат за 5 проекти на Северната азископацифичка дивизија:

- **Изградба на центри за престој на школски деца по наставата во 14 училишта во Јапонија.**
- **Изградба на детски рекреативен центар во Улан Батор, Монголија.**
- **Изградба на прифатилиште за самохрани мајки во Ансан, Јужна Кореја.**
- **Изградба на спортска сала и мисионски центар за обука при кампусот на академијата Ханкук Шахмјук во Сеул, Јужна Кореја.**
- **Започнување на адвентистички школски систем на Тајван**



МОНГОЛИЈА | 4 јануари

Комо

# НЕШТО РАЗЛИЧНО

Неговата тетка ја посетила адвентистичката црква во главниот град на Монголија, Улан Батор. Сакајќи да научи англиски јазик, таа одела на евангелски состаноци предводени од гостин-предавач од Австралија. Она што го дознала за адвентистичката црква било ново и сосема поинакво, и го поканила својот 18-годишен внук да дојде на предавањата со неа.

„Навистина е убаво“, му рекла таа. „Има многу млади луѓе како тебе.

„О, не, тетко“, рекол Комо. „Тоа не е наша традиционална религија. Тоа е туѓа религија“.

Сепак, таа продолжила да го кани да дојде во црква. Му раскажувала за младите и за тоа како свират на гитари и пеат.

„Песните се многу убави“, му рекла таа.

На нејзино инсистирање, Комо еднаш отишол во црква. Му се допаднал австралискиот говорник и неговите придружници. Никогаш претходно не сретнал странци, а тие биле интересни. Покрај тоа, тој уживал во музиката. Навистина било многу убаво.

Како и неговата тетка, тој видел дека овие предавања во црквата се нешто сосема друго. Чувствувал нешто што никогаш порано не го почувствувал.

„Ова се навистина добри луѓе“, помислил тој. „Тие се секогаш насмеани.

Комо доаѓал во црквата многу пати по неговата прва посета. Тој станал адвентист. Во неговото срце растела желбата да ги запознае и другите луѓе со Исуса и да ја шири Неговата љубов. Но, како?

Една година откако станал адвентист, Комо отишол на село да ги посети пријателите. Младите од тоа место го познавале и претходно, и забележале дека станал поинаков.

„Поинаков си од претходните години“, му рекла една девојка. „Си се променил“, рекол еден од неговите пријатели.

„Што се случило?“

„Го запознав Бога“, одговорил Комо.

Тинејџерите почнале да се смеат. Тие не биле христијани и не верувале во Бога.

Во тој период од годината во тоа подрачје не врнело дожд по-

веќе од шест месеци. Тревата била кафеава и сува. Тоа бил голем проблем. Тревата била потребна за да се нахранат коњите, кравите, овците, козите и камилите на кои Монголите се потпирале за храна, волна и транспорт.

Било потребно чудо за да се стави крај на сушата, а тинејџерите решиле да го тестираат Бога, во кого верувал Комо.

„Ако твојот Бог навистина постои, треба да се молиш за дожд", рекол еден човек. Другите се согласиле. „Ајде да видиме што може да направи твојот Бог", рекло друго момче.

Комо ги собрал сите млади. „Добро, ајде да го направиме тоа", изјавил „Ајде да се помолиме заедно." Тој му се помолил на Бога да падне дожд.

Следното утро заврнало дожд. Капките дожд најпрвин паѓале слабо, но потоа небесата се отвориле и почнал да паѓа пороен дожд. Тинејџерите биле многу изненадени! Дошле трчајќи кон Комо, извикувајќи: „Дожд! Врне!"

Некои од нив почнале да веруваат во Бога. „Леле, твојот Бог е вистински", рекол еден. „Сакам да знам повеќе за Него", рекол друг.

AMsda.org/A2511

## Во врска со искуството

- Прикажете ги Улан Батор и Монголија на карта на светот.
- Името Комо е прекар. Неговото целосно име е Колмонбахар.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе." Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Во 1926 година, првата мисионска станица во Монголија била изградена во стил на монголска јурта.
- Монголската мисија е основана во 1930 година во Калган, Кина, во близина на монголската граница.
- Во 1931 година, мисионерите отишле подлабоко на територијата на Монголија, каде што патувале на камили и ги посетувале луѓето расеани насекаде по рамнината.

Околу една четвртина од Монголците се будисти. Една третина практикуваат традиционални шамански верувања. Има релативно мал број муслимани, главно во западниот дел на земјата, а мала христијанска заедница живее главно во главниот град. Поголемиот дел од населението се атеисти или нерелигиозни.

Комо формирал мала група од 10 тинејџери. Им ја читал Библијата, се молел со нив и ги учел да пеат христијански песни. Групата се состанувала секој ден еден месец. Потоа Комо се вратил во својот дом во градот.

Поминале неколку години од чудесниот дожд. Комо станал пастор на адвентистичката црква и денес служи во главниот град на Монголија, Улан Батор. Во регионот каде што се случило чудото не постои адвентистичка црква. Но, младите кои биле сведоци на дождот му останале верни на Бога. Неколку луѓе, вклучувајќи ги и нивните родители, го прифатиле Бога.

„Таму нема црква, нема пастор, но тие ја одржуваат својата вера во Бога до ден-денес", изјави Комо. „Тие поверуваа откако беа сведоци на Божјото присуство и моќ."

Дел од вашите дарови на тринаесеттата сабота ќе бидат употребени за детскиот рекреативен центар во главниот град на Монголија, Улан Батор, каде децата и нивните родители ќе можат да научат дека со Бога сè е секогаш можно.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства за дарот на Тринаесеттата сабота, на 29 март.

Ендрју Мекчизни




МОНГОЛИЈА | 11 јануари

Елберел

# НЕПРИЈАТНАТА ДЕВОЈКА

Елберел се налутил за време на изолацијата поради пандемијата Ковид-19. Тој отишол во училиштето Тусгал, единственото адвентистичко училиште во Монголија, кое било меѓу првите кое се префрлило на онлајн настава. Не уживал да седи пред компјутерскиот екран секој ден, додека децата кои оделе во државно училиште и понатаму можеле слободно да се движат.

Ја прашал мајка си дали може да се префрли во државното училиште. Мајка му му рекла дека не ѝ пречи, но татко му не се согласувал. Тој бил пастор на адвентистичката црква и бил далеку од дома, на Универзитетот Ендрјус во САД. Таткото ѝ рекол на мајката: „Не сум во Монголија за да помогнам. Но, не можеме да ја ризикуваме идни-

ната на нашиот син со тоа што ќе го испратиме во државно училиште. Можеби ќе стекне лоши навики, така што мајката се предомислила и му рекла на Елберел дека мора да остане во адвентистичкото училиште.

Елберел, сепак, не се откажал. Тој го прашал татко му: „А може следната година:“, Но таткото не попуштил.

Гледајќи дека е бескорисно да настојува, не кажал ништо повеќе.

Но, тогаш и државното училиште се префрлило на онлајн настава, а Елберел повеќе не гледал како другите деца се смеат и се забавуваат. Желбата за промена на училиштето исчезнала.

Откако завршила изолацијата и сите училишта биле повторно отворени, Елберел повторно почнал да размислува за јавното училиште. Проблемот бил една девојка од неговиот клас. Изгледа дека сакала да се расправа со него и да го навредува.

По два месеца, на Елберел му било доста. Мислел дека е полесно да го смени училиштето, отколку да го трпи однесувањето на таа девојка. Тој му се јавил на својот татко, кој сè уште бил на универзитетот Ен-

AMsda.org/A2512

## Во врска со искуството

- **Прикажете ги Улан Батор и Монголија на карта на светот.**
- **Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).**
- **Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азиско-пацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.**

## Мисионски факти

- **Монголија е една од највисоките земји во светот; неговата надморска височина е во просек 1.580 метри.**
- **Џингис Кан, роден Темуџин во 1162 година, ја основал Монголската империја во 1206 година. Таа станала најголемата империја во историјата на човештвото, заземајќи околу 22% од површината на Земјата.**

**Монголците ја нагласуваат наклоноста кон децата. Просечното монголско семејство има четири деца, а жените кои имаат пет или повеќе деца се нарекуваат „почитувани мајки.“**

дрјус.

„Оваа девојка постојано ме навредува“, објаснувал тој. „И јас сакам да се префрлам во државното училиште.“

Таткото се обидел да го одврати Елберел од тој план. „Не можеш да го напуштиш ова училиште поради нешто толку мало“, рекол тој. „Уште повеќе деца ќе те навредуваат во државното училиште“.

Но, Елберел не се откажал и татко му попуштил. „Ќе ти дозволам да се префрлиш следната учебна година“, му рекол тој.

Во текот на летото, неговиот татко се предомислил, но Елберел останал непоколеблив во својата решеност да се префрли во државно училиште. Од второ одделение бил во адвентистичко училиште и бил сигурен дека би било добро за него ако оди во друго училиште.

Ја молел мајка си да му дозволи да се префрли. Конечно, неговите родители се согласиле, но татко му го предупредил да биде внимателен.

„Игнорирај ги децата кои имаат лоши навики“, му рекол тој.

Елберел ветил дека ќе го направи тоа.

Првиот ден во државното училиште бил шок за Елберел. Многу момчиња во неговото одделение користеле електронски цигари. Исто така, постојано се навредувале. По училиште се дружеле и пиеле алкохол. Елберел не сакал такви пријатели.

Згора на тоа, Елберел имал проблем со својот ручек. Во адвентистичкото училиште децата секој ден добивале вегетаријански ручек во трпезаријата, но државното училиште немало трпезарија. Елберел морал да најде место каде што може да купи храна на улица.

Како што минувале деновите, тој сфатил дека има уште еден проблем. Учењето на часовите не му било предизвик. Тој веќе знаел сѐ што се учи таму.

По еден месец му било доста. Тој сакал да го послуша татко му, но сега му било непријатно да признае дека погрешил. Тој се молел: „Боже, што да правам? Дали треба да останам во државното училиште, каде што сум опкружен со лоши влијанија и да не учам ништо ново? Или да се вратам во адвентистичкото училиште и да се соочам со таа девојка која ми правеше проблеми?

Следниот ден, мајката го прашала Елберел за неговите лекции. Слушајќи дека тој не учи ништо ново, таа прашала: „Дали би сакал да се вратиш во адвентистичкото училиште?

Прашањето звучело како најубава музика во неговите уши.

Чувствувал дека Бог одговара на неговата молитва. „Да“, одговорил тој. „Сакам да се вратам.“

Кога татко му ја слушнал веста, многу се израдувал. „Не е доцна“, рече тој. „Сè уште можеш да се вратиш.“

Морал да почека уште неколку дена пред да може да се врати во училиштето Тусгал. Нетрпеливо чекал и имал план да се справи со проблематичното девојче. „Планирам да ја игнорирам“, рекол тој. „Татко ми рече дека нема да биде преголем проблем ако едноставно ја игнорирам“.

Училиштето Тусгал, кое се наоѓа во Улан Батор, Монголија, веќе беше дел од проектот на Тринаесетта сабота, кога беа изградени нови училници и библиотека.

Ви благодариме за Даровите на тринаесеттата сабота во ова тримесечје, кои ќе помогнат да се изгради рекреативен центар каде што децата ќе можат да се запознаат со Исуса во Улан Батор.

Ендрју Мекчизни



МОНГОЛИЈА | 18 јануари

Церенџав Данзан

## ТОА СЕ ШПИОНИ

Мајката била вознемирена кога нејзината дваесет и двегодишна ќерка Деби почнала да оди во Адвентистичката црква во Монголија.

„Не оди на тие американски состаноци“, рекла таа. „Тие се шпиони.“

Било септември 1992 година и Монголија била во состојба на посткомунистичка транзиција.

Гневот на мајката пораснал кога Деби решила да му го предаде срцето на Исуса со крштевање во 1993 година.

Деби била првиот преобратен адвентист во Монголија по падот на комунизмот.

„Американците се лоши луѓе“, тврдела мајката. „Тие се шпиони и ќе ни ја уништат земјата освојувајќи ги нашите срца, а потоа ќе нè искористат за свои цели.“

Христијанството не било традиционална религија во Монголија, но мајката верувала дека сите религии се лоши. Таа била ве-

AMsda.org/A2513

## Во врска со искуството

- Прикажете ги Улан Батор и Монголија на карта на светот.

  Гледајте го краткиот клип на YouTube за Церенцав Данзан: bit.ly/Мама- Монголија.
- Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и пожртвуваноста за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел продолжува да го зголемува бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вај. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски факти

- Гер (јурта) е традиционално монголско живеалиште. Тоа е кружна структура со конусен покрив, покриена со бела ткаенина. Топло е во зима, а свежо во лето, и лесно се демонтира, транспортира и повторно се составува додека сточарите се движат по зелените ливади со своите стада.
- Гер секогаш се поставува така што влезот гледа кон југ бидејќи студениот ветер претежно дува од север.

  Стапнувањето на прагот при влегување во јуртата се смета за знак на непочитување кон домаќините.

  Монголците имаат голема наклоност кон духовитост. Тие често користат смешни изреки и шеги .

рен атеист и активно го поддржувала комунизмот.

Преку нејзиното влијание многу луѓе станале членови на партијата. За нејзината работа, таа била наградена со специјална значка на Маркс, Енгелс и Ленин, која гордо ја носела.

Се чинело дека не постои ни најмала шанса мајката некогаш да го промени своето мислење за Бога.

Деби ја напуштила Монголија две години за да студира на Адвентистичкиот меѓународен институт за напредни студии (AIAS) на Филипините.

Кога се вратила дома, ја поканила мајка си да се придружи на малата група за проучување на Библијата што самата ја организирала. Во тоа време, во Монголија почнала да се развива адвентистичката црква, која се состоела главно од млади луѓе, а оваа мала група за проучување на Библијата била наменета за постари лица.

Првите пет членови на групата биле мајката, нејзините две сестри, мајката на првиот монголски пастор и мајката на вториот член на црквата.

Мајката била многу претпазлива во врска со

проучувањето на Библијата во оваа мала група, но воедно била и љубопитна. Таа видела промена кај Деби. Некогаш горда и арогантна, сега станала нежна и љубезна. Некогаш сакала да командува, но сега станала послушна на мајка си и ја почитувала својата сестра.

„Се промени“, увидела мајката. „Што ли предизвикало таа да се промени?“ се прашувала себеси.

Потоа, сестрата на Деби, која некогаш жестоко се противела на христијанството, и самата се крстила. Мајката видела дека и таа се променила. Тоа било доволно.

Во 2000 година, мајката одлучила да му го предаде својот живот на небесниот Бог. Таа била крстена и им се придружила на адвентистите во црквата на 53-годишна возраст. Всушност, сите пет членови на малата група за проучување на Библијата на крајот се крстиле.

Од поранешен комунистички активист, мајката станала огнен сведок на Бога. Од поранешен регрутер на членови за Комунистичката партија, сега станала личност која ги бара изгубените овци за Исусовото царство.

Преку нејзиното влијание, многу луѓе му ги предале своите срца на Исуса.

Мајка била верна до својата смрт. Не само што го сакала Бога, таа сакала и да му дава на Бога. Кога станала толку слаба што повеќе не можела да оди во црква, во нејзиниот дом била организирана куќна црква. Сметала дека богослужението не е целосно без давање дарови, па по нејзино барање, до нејзиниот кревет била поставена кутија за да може лично да го принесе својот дар.

Мајката починала од рак на жолчното кесе на 74-годишна возраст, во 2020 година. Но таа сведочела за Христа и по нејзината смрт.

Обично, традиционалниот монголски погреб вклучува многу скапи ритуали. Но, на нејзино барање, таа била погребана на едноставен христијански начин. Нејзиниот погреб бил толку поразличен од вообичаените погреби што нејзините роднини биле воодушевени. Тие виделе дека христијанството е нешто сосема друго.

„Каков мирен и достоинствен погреб“, рекол еден од роднините. „Би сакал и мојот погреб да биде таков“, изјавил друг.

Но сведочењето на мајката за Бога не завршило тука. Таа продолжува да проповеда од нејзината надгробна плоча на гробиштата. Нејзиниот надгробен споменик го содржи ветувањето од Библијата „Блажени се сите кои Го чекаат Него“ (Исаија 30,18-втор дел).

Непосредно пред да умре, таа ѝ рекла на Деби: „Мојата надеж е во Христа. Сакам да спијам додека Тој не дојде“.

Сега мајката чека Господ да ја воскресне во тоа славно утро.

Ви благодариме за даровите на тринаесеттата сабота што ќе ја продолжат мисионската работа – која со цело срце ја вршела Церенцав Данзан – но и други верни адвентисти кои сега почиваат во своите гробови во Монголија.

Даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе помогнат да се отвори рекреативен центар во главниот град на Монголија, Улан Батор, каде децата и нивните родители ќе учат за Исуса.

Ендрју Мекчизни



МОНГОЛИЈА | 25 јануари

Болд Бачук

# ВО ПОТРАГА ПО ОДГОВОР I ДЕЛ

*Забелешка на уредникот:* Ова е искуство за тоа како Болд Бачук, првиот адвентистички пастор во Монголија, му го предал своето срце на Бога во раните 1990-ти.

Секогаш кога Болд имал некое прашање, трчал кај татко му и барал одговор.

„Се плашам од темнината“, рекол тој.

„Зошто се плашиш од темнината? Сè е во твојата фантазија“, одговорил таткото.

Тогаш момчето слушнало како некој зборува за Бога и ѓаволот. Со трчање отишол кај татка си и му го поставил прашањето: „Постојат ли ѓавол и Бог?“

„Сè е во твојата фантазија“, одговорил таткото.

Болд му верувал на својот татко. Го видел како чита многу книги, па знаел дека има многу знаење.

Сепак, Болд сè уште се плашел од темнината. Исто така, тој не бил сосема сигурен дека Бог не постои. Иако не разбирал зошто, чувствувал дека Бог мора да е жив некаде во универзумот.

Иако Болд бил млад, тој бил многу сериозен. Сериозно размислувал за својата иднина. И секогаш кога размислувал за својата иднина, размислувал за смртта. Смртта го плашела.

„Зошто умираме?“, се прашувал тој. „Што се случува по смртта? Дали е тоа крајот на сè?“

Еден ден, татко му се разболел. Тој повеќе пати одел во болница во текот на неколкумесечното лекување. За време на една хоспитализација, Болд забележал траги на грбот на неговиот татко од инјекциите што ги примил.

„Зошто медицинските сестри мораат да ти даваат толку многу инјекции“, го прашал својот татко? „Болен сум, па морам да примам инекции“, одговорил таткото. На Болд му било жал за татко му. Тој станувал сè послаб и послаб. Најпосле, не можел дури ни сам да јаде, а храната му била пасирана како бебешка храна и помешана со вода. Медицинска сестра го хранела со лажица, масирајќи му го грлото за да му помогне да голта.

Едно попладне, некој од пријателите дотрчал додека Болд си играл пред својата куќа. „Татко ти умре! Татко ти умре!“ викал пријателот.

Болд помислил дека младиот човек се обидува да се пошегува и се налутил.

„Зошто мора така да се шегуваш?“

AMsda.org/A2514

## Во врска со искуството

- **Прикажете ги Улан Батор и Монголија на карта на светот.**
- **Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).**
- **Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.**

## Мисионски факти

- **Монголската национална носија се вика дил. Тоа е долг фустан од свила во светли бои, со копчиња до вратот на десната страна. Го носат и мажи и жени, но мажите додаваат појас со контрастна боја околу половината. Во зима се носи со волнена постава.**
- **Монголците сакаат фестивали, а најпознат е Надам, годишен настан кој се фокусира на спорт, игри и храна, а се одржува во текот на летото. Главните настани се стрелаштво, коњски трки и монголско борење.**

**Бактриските камили се по потекло од Монголија. Имаат две грпки и се помали од арапските камили.**

**Монголија често се нарекува „Земја на синото небо“, бидејќи небото во тој дел од светот е без облаци повеќе од две третини од годината.**

„Тоа е вистина“, одговорил младиот човек. „Те бараат.“

Болд втрчал во куќата. Итната помош стоела од другата страна на куќата. Никој не му дозволил да влезе во собата и да се види со својот татко.

Болд сфатил дека татко му починал. Имал само 45 години. Болд имал 13 години.

Момчето плачело и го поставило прашањето: „Зошто? Зошто?“ Но, не слушнал никаков одговор.

За прв пат се обратил кон Бога, за кого татко му рекол дека не постои. Болд рекол: „Не гледам причина зошто се случува ова.“ Повторно не слушнал никаков одговор.

Момчето било блиско со својот татко и не можел да го замисли животот без него. Тој се запрашал: „Ако сите умрат, која е смислата на животот?“ Не слушнал никаков одговор.

Болд се плашел од темнината. Но, сега неговите стравови биле како најголема темнина бидејќи имал вознемирувачки соништа за својот татко. Во соништата, тој го прашал својот татко: „Зошто нè остави?“ Не слушнал никаков одговор.

Колку многу посакувал татко му да е тука за да одговори на неговите прашања.

Таткото бил единствениот во семејството кој заработувал за живот. Без него, времињата станале тешки. Болд, исто така, чувствувал огорченост и незадоволство. Си мислел: „Тато можеби ќе беше жив, само ако подобро се грижеше за себе и порано отидеше во болница на лекување“.

И на неговата мајка толку многу ѝ недостасувал. И таа имала прашања. Почнала да посетува човек од традиционална монголска религија, кој тврдел дека ги има одговорите.

Болд забележал дека мајката изгледала посреќна по секоја посета. Бил љубопитен да дознае дали човекот може да одговори на неговите прашања. „Може ли да го посетам?“ ја прашал.

„Ајде да одиме заедно“, одговорила мајката.

Молете се за луѓето од Монголија кои, како Болд, бараат одговори.

Дел од даровите на тринаесеттата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за отворање на рекреативен центар во Улан Батор, за деца кои имаат прашања на кои не добиваат одговор.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29 март.

Ендрју Мекчизни





Болд Бачук

# ПОМОШНИК НА УЧИТЕЛОТ II ДЕЛ



*Забелешка на уредникот:* Ова е искуство за тоа како Болд Бачук, првиот пастор адвентист во Монголија, му го предал своето срце на Бога во раните 1990-ти. Приказната започнува кога тринаесетгодишниот Болд бара одговори зошто неговиот татко неочекувано починал. Тој истакнал дека неговата мајка нашла одговори на нејзините прашања кај учител на традиционалната монголска религија. Мајката се согласила да го одведе момчето да го запознае учителот.

Луѓето секојдневно се собираа пред куќата на учителот за да побараат совет од него како да си ги решат проблемите. Луѓето седеле и чекале да бидат повикани во куќата.

Кога некој ќе влезел во куќата, учителот прашувал: „Кој е вашиот проблем?" Потоа би го сослушал, па ги отворал своите свети списи и пеел нешто од ниво на тибетски јазик".

Никој не разбирал што зборува бидејќи никој не знаел тибетски, но луѓето што ја напуштале куќата изгледале среќни.

Учителот не можел да му каже на Болд зошто умрел неговиот татко, но момчето било импресионирано од него и од неговите стихови. Нему му паднала мисла: „Кога би можел да му помагам, би можел да поминувам повеќе време со него и тоа би било добар начин да бидам надвор од училиште!"

Враќајќи се дома, Болд ѝ рекол на мајка му: „Можеби и јас ќе станам учител". Можеш ли да го прашаш учителот дали би можел да ме обучува?"

Мајката неволно се согласила да праша. Неколку дена подоцна, таа со широка насмевка се вратила дома од кај учителот.

„Учителот беше многу среќен кога го изнесов твоето барање. Рече дека долго време сака да биде ментор на некое момче".

Болд отишол да живее со учителот.

Секое утро во 6 часот, учителот го боцкал Болд со дрвен стап за да го разбуди. Потоа Болд седел со часови, учејќи го тибетскиот јазик и помнејќи стихови напамет. Исто така, имал и други работи, готвење за учителот и чистење на куќата.

Болд живеел со учителот две години. Ги научил напамет сите

AMsda.org/A2515

## Во врска со искуството

- Прикажете ги Улан Батор и Монголија на картата на светот.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Првото откриено јајце од диносаурус е пронајдено во пустината Гоби во Монголија.

текстови што му рекол учителот да ги научи. Направил сè така како што му рекол учителот. Кога имал 15 години, неговиот учител го однел во манастир каде што можел да го обучи да стане учител.

Старешината на манастирот го прашал Болд. „Што научи досега? Можеш ли да го отпееш овој текст?“

Болд, момче кое некогаш поставувало многу прашања, сега можело да даде одговори од светите списи.

Старецот бил импресиониран. „Тој е добро обучен“, му се обратил на учителот на Болд.

„Но, ние само што прифативме некои други момчиња и немаме веќе простор. Ако се вратите следната година, ние ќе бидеме првите што ќе го преземеме“.

Тоа било пресвртница. Ако не може да се обучува да стане учител, сакал да се врати назад во редовно училиште. Тој се вратил дома кај мајка му и сестра му, која била негова близначка.

Две години не одел на училиште, а бил далеку зад своите поранешни другари од одделението. Но, тој сакал повторно да учи со нив.

Мајката разговарала со директорот на училиштето и тој се согласил да го пушти Болд да учи два месеци со неговите стари другари. Ако може да ја следи наставата, може да остане во одделението.

Болд седел во првиот ред. За разлика од порано, кога имал 13 години, сега бил желен да учи.

На негово изненадување, школските задачи биле лесни, и тој брзо се издигнал на врвот во своето одделние. Неговите другари не можеле да сфатат зошто му оди толку добро. Тој пропуштил две години од школувањето додека тие учеле. Дури подоцна Болд сфатил дека, годините поминати во учење на текстовите напамет, придонеле да го дисциплинира својот ум, а тоа му овозможувало лесно да ги извршува своите школски задачи.

Кога го завршил средното училиште, Болд одлучил да научи англиски и да стане професор по англиски јазик. Тој веќе зборувал монголски и руски и сметал дека трет јазик нема да му биде премногу тежок за учење.

Но, по неколку дена часови на универзитетот, видел дека учењето му било тешко. Англискиот јазик бил многу потежок отколку што очекувал. Се прашувал што да прави. Неговата сестра близначка имала идеја. Таа запознала некои луѓе од Америка и тие ѝ предавале англиски јазик. „Дојди и запознај ги Американците“, му рекла таа.

Болд не бил заинтересиран. Подоцна, неговата сестра му го покажала Новиот завет на монголски јазик.

„Американците се христијани“, изјавила таа. „Тие зборуваат за Христа“.

Болд се вознемирил. „Немој да одиш повеќе кај нив“, ѝ рекол. „Ние имаме наша традиционална религија во Монголија.“

Но сестра му не сакала да го послуша. „Овие луѓе се навистина добри“, одговорила таа. Болд продолжил да се бори со часовите по англиски јазик.

Еден ден, додека се мачел со домашните задачи, се сетил на Американците. Тој мислел:

„Можеби тие би можеле да ми помогнат да научам англиски. Тој си ветил дека ако Американците зборуваат за христијанството, лично ќе им укаже дека нивната религија е крајно неприфатлива за Монголите. Така, тој ја прашал сестра си дали може да ги запознае.

Сестрата им раскажала на Американците за својот брат. Еден од нив предложил: „Доведи го во нашата домашна црква оваа сабота“.

Молете се за народот од Монголија кој, како Болд, бараат одговори на многу прашања. Дел од даровите на тринаесеттата сабота од ова тримесечје ќе биде искористен за изградба на детски рекреативен центар, кој ќе го шири евангелието во Улан Батор.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29 март.

Ендрју Мекчизни





Болд Бачук

# ДАВАЊЕ ШАНСА НА БИБЛИЈАТА, III ДЕЛ

*Забелешка на уредникот:* Ова е животна приказна за тоа како Болд Бачук, првиот адвентистички пастор во Монголија, му го предал своето срце на Бога во раните 1990-ти. Искуството започнува кога Болд се бори со учењето на англискиот јазик на универзитетот во Монголија. Ја замолил својата сестра близначка да го запознае со Американците кои ја поучувале англиски и ѝ зборувале за Бога. Решил да учи англиски со нив и, доколку е потребно, да им покаже дека во Монголија нема место за христијанството.

Американците не се состанувале во црквата, туку во дневната соба на нивната куќа.

Тие срдечно го поздравиле Болд кога тој дошол со својата сестра близначка во нивната домашна црква во главниот град на Монголија, Улан Батор.

Тоа било најнеобичното искуство за Болд. Околу 20 луѓе седеле на подот и пееле од песнарка. Зборовите на песните му изгледале на Болд толку чудно. Бил збунет, но заинтересиран. Си помислил: „Што значи „Осана“? Зошто пеат за „Јагнето“? Ја држел песнарката преку лицето за да ја скрие својата смеа.

По песните, Американците организирале саботношколски час. Тие зборувале за царот Навуходоносор и за неговиот сон, запишан во книгата на пророкот Даниел 2 глава.

Болд бил фасциниран и имал многу прашања. Сепак молчел.

Потоа еден од Американците одржал краток говор. Ништо немало смисла за Болд. Проповедникот зборувал за слика од книгата Откровение, која Болд не ја разбирал. Проповедникот зборувал и за враќањето на Исус, а Болд се запрашал: „Каде отишол и зошто треба да се врати?“

По ручекот, собраните во домашната црковна група отишле во домот за деца без родители да изработуваат ракотворби со децата.

Кога Болд се вратил дома таа вечер, се чувствувал пријатно. Поминал добар ден, уживал да им помага на децата. „Ќе морам да им дадам шанса на Американците“, помислил тој. „Можеби треба да ги сослушам нивните идеи.“

Со нетрпение ја очекувал следната сабота.

По саботната проповед седнал со Американците и слушал. Она што го слушнал беше многу поразлично од она што го знаел претходно. Американците ја отвориле Библијата во 1 Книга Мојсеева и го прочитале извештајот за создавањето. Оваа тема била многу интересна за Болд. Како момче, две години останал кај учител од традиционалната монголска религија, но тој не успеал да му го објасни потеклото на животот.

Учителот му раскажал легенда за прашината што се собрала на куп и ја формирала Земјата. Но, легендата не го објаснувала потеклото на водата, воздухот и живите суштества. Учителот немал одговори на овие прашања. Но, Библијата давала јасни одговори за сите овие работи.

Болд имал многу прашања и почнал да ги поставува. Мисионерите одговарале на неговите прашања од Библијата. Кога дознале дека знае руски, му дале Библија на руски. Во тоа време, само Новиот завет бил достапен на монголски јазик. Така, со Библијата на руски, Болд имал пристап до целата Божја реч.

За време на неговата трета сабота во црквата, еден од мисионерите рекол: „Зошто не би им читал приказни од Стариот завет на децата во домот?“

Болд бил изненаден. Не мислел дека може да поучува некого за теми од Библијата. Мисионерот го охрабрил да се обиде. „Само почни“, рекол тој.

AMsda.org/A2516

## Во врска со искуството

- **Прикажете ги Улан Батор и Монголија на картата на светот.**
- **Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).**
- **Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азиско-пацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири пристапот на адвентистите... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.**

## Брзи факти

- **Националниот парк Богд Кан Ул во Монголија е основан во 1783 година и е најстариот национален парк на светот.**

Предизвикот го заинтригирал Болд, па тој се согласил.

Таа седмица внимателно го читал Стариот завет на руски и правел белешки на монголски.

Во петок отишол во куќата на мисионерите и го почувствувал повикот да ги сподели вистините од Библијата следниот ден. Во сабота тој изнел неколку старозаветни стории на монголски јазик и ги воодушевил присутните во куќната црква.

Дома, Болд продолжил да ја чита Библијата и нашол одговори на сите негови прашања. Тој научил дека Бог и ѓаволот се реални. Прочитал во 1. Мојсеева 3 дека ѓаволот преправен во змија донел грев и смрт на светот. Тој исто така прочитал дека Бог воспоставил план за спасение на човештвото. Како резултат на тоа, Болд дознал дека смртта не е крај и дека луѓето кои веруваат во Исуса имаат вечен живот. Во Евангелието според Јован тој читал: „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој, кој верува во Него, да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16).

Тој му го предал своето срце на Исуса.

Денес Болд е водач на адвентистичката црква во Монголија. Тој е благодарен на Бога што не е само првиот монголски адвентистички пастор, туку и првиот ракоположен монголски пастор. Тој исто така течно го зборува англискиот јазик.

„Во Библијата дознав за Бога кој љуби, кој нѐ создал и кој, кога сме згрешиле, дошол да нѐ спаси. Ова беше поприվлечно од сѐ што бев учел претходно. Ѝ дадов шанса на Библијата, и затоа денес сум адвентист.“ Тој изјави дека, иако страдал поради смртта на неговиот татко, сепак, тоа го водело да го запознае Бога и Неговиот мир.

„Иако доживеав трагедија во мојот живот, на крајот сѐ испадна добро. Доаѓајќи кај Христа, најдов одговори на сите мои прашања. За сето тоа време Бог беше со мене“.

Молете се за луѓето од Монголија кои, како Болд, бараат одговори.

Дел од даровите на13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за отворање на детски рекреативен центар, каде што децата во Улан Батор ќе можат да ја дознаат радосната вест за Исусовата љубов и Неговото спасение.

Ви благодариме што планирате да издвоите и великодушно да приложите средства на 29 март.

Ендрју Мекчизни





Еги

# НЕВОЗМОЖЕН СОН



*Забелешка на уредникот:* Еги била меѓу првите учители што предавале во единственото адвентистичко училиште во Монголија кога било отворено во 2009 година. Таа штотуку дипломирала на монголскиот универзитет и немала искуство како предавач во адвентистичкото училиште. Таа и другите учители ја воделе првата група од 13 деца со многу молитви. Денес во училиштето Тусгал има 250 ученици. Ова е приказната за Еги.

Еги предавала во адвентистичко училиште во Монголија, но сакала сопствено адвентистичко образование. Таа се прашувалаа: „Како можам подобро да ја покажам Божјата љубов?“

Годините минувале, а Еги присуствувала на семинари за адвентистичко образование во Монголија. Но, семинарите биле кратки, а Еги копнеела да научи што повеќе. Таа се молела да биде примена во Адвентистичкиот меѓународен институт за напредни студии (AMINS). Дознала дека се отворила можност за магистерски студии по образование на Филипините. Сепак, нејзиниот сон изгледал невозможен. Таа се молела 10 години.

Северната азископацифичка дивизија, чија територија ја опфаќа Монголија, ѝ понудила стипендија за студирање на AMINS. Еги била пресреќна! Бог одговорил на нејзините молитви.

Меѓутоа, таа не знаела дали може да прифати стипендија која ги покрива само трошоците за нејзиното школување. Сместувањето, комуналиите и храната морала сама да ги плати. Имала и сопруг и два сина на училишна возраст кои не можела да ги остави. Им требале билети за авион за Филипините, а на нејзините синови им биле потребни пари за да се запишат во тамошното адвентистичко училиште.

Еги се молела и се молела. Нејзиниот сон изгледал невозможен. Тогаш заедно со нејзиниот сопруг решиле да го направат првиот чекор во верата. Го продале својот автомобил и мебелот. Кога тие пари ги додале на семејните заштеди,

сè уште немале доволно средства.

Таа ноќ, Еги легнала загрижена. Сонувала како чекори напред-назад во мала просторија без никакви врати или прозорци. Таа била заробена. Тогаш Бог ѝ дал парче хартија и ѝ рекол: „Јас ќе ти помогнам“. Еден момент подоцна, таа седела во задниот дел од камионот. Камионот застанал пред една пруга, возот поминал и камионот продолжил по својот пат. Еги се разбудила. Сите нејзини грижи исчезнале. Во нејзините уши ѕвонеле Божјите зборови: „Јас ќе ти помогнам“. Еги веќе не била загрижена, но сè уште не знаела што да прави“. Нејзиниот сон изгледал невозможен.

Неколку дена подоцна, во сабота, додека одела кон црквата, вниманието ѝ го привлекла една необична глетка.

Големо дрво растело покрај приватните гаражи за паркирање. Корен од дрво го пробил бетонскиот покрив на гаражата. Еги помислила: „Невозможно е дрво да расте на бетонски покрив“.

Во истиот момент ѝ дошле на ум зборовите на ангелот што ѝ ги кажал на Марија: „Зашто ниеден збор од Бога нема да остане без сила“ (Лука 1,37).

Таа си помислила: „Бог ми покажува дека сè е можно за Него!“

Еги го фотографирала дрвото со својот мобилен телефон и со задоволство им ја покажала сликата на пријателите во црква. Веќе не се сомневала дека со семејството ќе оди на Филипините.

Токму тоа и се случило. Во текот на следните неколку седмици, Еги ги добила своите авионски билети и ја напуштила Монголија. Бог дури и ја благословил на пат кон Филипините. Таа имала шестчасовен одмор во Турција, а времето го поминала со двајца роднини кои живеат таму.

Кога пристигнала во АМИНС, таа била сама, исто како што била сама во задниот дел од камионот во нејзиниот сон. Но, таа верувала дека Бог ќе и помогне. Верувала дека дрвото може да порасне и да го пробие бетонскиот покрив. Таа се молела и чекала. Два месеци подоцна, нејзиниот сопруг го продал остатокот од нивниот заеднички имот и тргнал на пат со нивните синови. Имале доволно средства да ѝ се придружат.

Денес семејството живее во АМИНС додека Еги ги завршува магистерските студии по педагогија/ образование. Таа не може да биде посреќна. Нејзиниот невозможен сон се остварува. Таа стекнува адвентистичко образование и едвај чека да сведочи дома, за Бога, чијашто љубов ја запознава на нови начини.

„Мораме да гледаме повеќе на Бога отколку на нашите проблеми, и мора да чекориме напред со вера.“

„Кога Израелците излегле од Египет, застанале на брегот на Црвеното Море и се уплашиле, но кога истапиле со вера, гледале како Бог чудесно ја раздвојува водата. Така, одете напред со вера во Бога, со молитва и благодарност“.

Молете се за Еги и за другите учители во училиштето Тусгал, единственото адвентистичко училиште во Монголија.

Дел од Даровите на 13-тата сабота во едно од претходните тримесечја помогнаа училиштето да се прошири и да добие нови училници и библиотека.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 29-ти март за проектите на Тринаесеттата сабота во ова тримесечје во Монголија и на други места во Северната азископацифичка дивизија.

Ендрју Мекчизни

AMsda.org/A2517

## Во врска со искуството

- **Прикажете ги Улан Батор и Монголија на картата на светот.**
- **Презефете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).**
- **Презефете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири адвентистичкиот пристап... меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.**

## Брзи факти

- **Пеењето додека јавате коњ е доста популарно во Монголија. Пејачите ги користат грлото и носот за да произведат два различни звука истовремено, техника позната како „пеење со грло“ или „куми пеење“.**

**Еден од првите меѓународни поштенски системи бил создаден од Џингис Кан. Овој систем му помогнал да управува со Монголската империја. Во системот „Јам“, поштенските станици биле поставени на секои 22–64 km. Пратките гиноселе коњи од станица до станица. На секоја станица се менувале поштарот и коњот. На овој начин, пратките можеле да се движат без да се уморат јавачите и коњите.**





Ју Џин

# КНИГА КОЈА ВРЕДИ ДА СЕ ПРОЧИТА

Кога Ју Џин имала 9 години, мајка ѝ ѝ дала да прочита една книга.

„Бидејќи читаш многу книги, треба да ја прочиташ и оваа", ѝ рекла таа. „Напишана е на корејски и на англиски. Проучи го тоа. Прочитај ја. Ова е добра книга".

Тоа била мала книга „Патот кон Христа" од Елена Вајт.

До тој момент, Ју Џин читала само книги на корејски. Но, мајката сакала нејзината ќерка да научи англиски јазик.

Ју Џин била послушно дете и веднаш почнала да ја чита книгата.

Таа читала секој ден во автобус, додека патувала до училиште и назад. Таа читала за време на паузата за ручек во училиште.

Текстот на англиски бил премногу тежок за читање, па таа го прескокнувала и го завршила корејскиот дел од книгата за една седмица.

Иако не разбирала сè што читала, сепак чувствувала силно уверување дека треба да се крсти.

Таа отишла кај својата мајка и ѝ рекла: „Сакам да се крстам".

Мајка ѝ се насмевнала.

„Кога ќе пораснеш, можеш да се крстиш."

Корејските деца често почнуваат да размислуваат за крштевање на околу 13 години. Сепак, Ју Џин имала 9 години, а 13-тата била далеку, четири долги години. Не била среќна што мора да чека. Но, таа била послушно дете.

„Во ред, добро", помислила.

Таа веќе не зборувала за крштевањето.

Како што одминувало времето, Ју Џин продолжила да оди во црква секоја сабота како и претходно. Меѓутоа, таа одела затоа што сакала да учествува во извидничките активности и други забавни работи, а не затоа што сакала да оствари блиска врска со Бога.

Кога наполнила 13 години, се крстила со другите свои пријатели. Сепак, го немала истото убедување за крштевањето како тогаш кога имала 9 години.

Како тинејџерка, Ју Џин поминувала сè повеќе време со пријатели кои не биле христијани, а нејзината љубов кон Бога посте-

пено се намалувала. Ја јадела истата храна како и нејзините пријатели, а понекогаш ја запоставувала црквата во сабота. Таа била уморна во саботата наутро и не сакала да се потруди да оди во црква.

Таа дури почнала и да се сомнева во постоењето на Бога.

Потоа, едно лето, кога имала 16 години, Ју Цин доброволно се пријавила да помогне во организирањето на серија евангелски предавања. Нејзината работа била да дели флаери и така да кани други млади луѓе да дојдат на црковните состаноци.

На првиот состанок, како резултат на нејзините покани, не дошол ниту еден млад човек, а таа била многу тажна.

Мисионерот, кој ги држел предавањата, го видел нејзиниот напор и разочарување и се молел со неа.

Пријатно се изненадила кога следната вечер се појавиле неколку млади луѓе.

AMsda.org/A2518

## Во врска со искуството

- **Прикажете ги Сеул и Јужна Кореја на мапата на светот.**
- **Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).**
- **Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: WillGo2020.org**

## Мисионски факти

- **Во мај 1904 година, Кореецот по име Еунг Хјун Ли, додека го чекал својот брод за Хаваите, се шетал по некоја улица во Кобе, Јапонија, и видел знак на кој пишувало: „Црквата на Исусовото Второ доаѓање и на саботата како седми ден. По разговорот со евангелистот, Кунија Хиде, Еунг Хјун Ли и еден од неговите корејски пријатели почнале да го проучуваат Светото писмо и се увериле во вистинитоста на адвентистичката порака. По полноќ, вечерта пред да заминат за Хаваи, двајцата Корејски преобратеници, заедно со група јапонски верници, отишле на водопадите Нунобики, каде што биле крстени, со што станале првите корејски адвентисти.**
- **Двете сестри биле вклучени во почетните денови на работата на Адвентистичката црква во Кореја. Во јануари 1907 година, Мими Шарфенберг пристигнала во Кореја и за две години основала најпрво училиште за момчиња, а потоа и училиште за девојчиња. Во октомври 1909 година ѝ се придружиле нејзината сестра Теодора Вангерин со нејзиниот сопруг Руфус.**

Во нејзиното срце блеснала трошка вера. Потоа силен дожд се заканил да ја наруши серијата предавања. Се помолила и дождот престанал. Состанокот поминал според планот.

Ју Цин била нова личност кога се вратила во своето адвентистичко средно училиште таа есен.

Со нетрпение присуствувала на состаноците на молитвената група за проучување на Библијата, предводена од учениците, наречена „Оние што клечат“. Тие се состанувале секој петок навечер по богослужбението.

Ју Цин добила нов примерок од „Патот кон Христос“, но сега таа не завршила со читање на книгата за една седмица. Таа читала со група други ученици по едно поглавје седмично.

Ѝ се чинело како за прв пат да ја чита таа книга.

Ју Цин изјавува дека ѝ е драго што ја прочитала „Патот кон Христа“ кога имала 9 години.

„Кога првпат ја прочитав книгата, моето срце беше длабоко трогнато да го следам Исуса и да се крстам“.

Уште повеќе и се допаѓа што повторно ја чита.

„Господ сигурно повторно ќе дојде“, изјавува таа.

Ју Цин оди на академијата Ханкук Шамјук, која ќе добие дел од Даровите на тринаесеттата сабота ова тримесечје. Тие ќе бидат употребени за изградба на спортска сала и центар за обука на мисионерите во Сеул.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови на 29 март.

Ендрју Мекчизни



ЈУЖНА КОРЕЈА | 1 март

Академија „Мисионско движење“

# МОЛИТВА ЗА ВРЕМЕ НА БУРА

Еден од проектите на 13-тата сабота ова тримесечје е обука на деца и тинејџери да бидат мисионери во Јужна Кореја. Проектот предвидува отворање на мисионски центар за обука на академијата Ханкук Шамјук, кој вклучува основни и средни училишта, во главниот град на Јужна Кореја, Сеул.

Програмите за обука на мисионерите се осмислени да бидат основа на адвентистичкиот живот во Јужна Кореја. Искуството за оваа седмица е за група од 19 корејски тинејџери кои се приклучиле на една таква програма наречена Академија „Мисионско движење“.

Првата вечер толку силно грмело што 19 јужнокорејски тинејџери мисионери ја поминале на филипински остров.

Тинејџерите, на возраст од 14 до 17 години, не очекувале грмотевици кога се приклучиле на едногодишната програма за мисионска обука наречена Академија „Мисионско движење“. Дел од програмата барала од нив да учествуваат на меѓународно мисионско патување и тие дошле на оддалечен остров за да помогнат околу одржувањето на евангелските состаноци под водство на јужнокорејски пастор, кој проповедал.

Меѓутоа, невремето што ги дочекало по нивното пристигнување на островот се заканувало да ги расипе нивните планови.

Единаесет момчиња спиеле во шатори поставени на бетонскиот под на делумно изградената црковна зграда која се наоѓала на песочна плажа. Осум девојчиња спиеле во куќа од прачки во близина.

AMsda.org/A2519

## Во врска со искуството

- **Прикажете ги Сеул и Јужна Кореја на мапата на светот.**

**Знајте дека ова искуство е засновано на разговор со директорката на академијата „Мисионско движење“, Ким Мин Џеј.**

- **Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).**
- **Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: WillGo2020.org**

## Мисионски факти

- **Братот и сестрата биле составен дел од првите активности на адвентистите во Кореја. Во 1908 година, учителката Хелен Меј Скот пристигнала во Сунан со нејзиниот сопруг, д-р Рајли Расел. Две години подоцна, кога бил потребен уште еден учител на теренот, Хелен го охрабрила својот помлад брат Хауард М. Ли, да стане волонтер. Тој го послушал нејзиниот совет и дошол во Сунан на 5 април 1910 година за да ја преземе должноста во воспитно-образовната работа.**

Ноќта била темна, освен што блескањето на молњите го сечеле небото и делумно го осветлувале. Врнело а ветрот завивал. Зградата на црквата немала ниту врати, ниту прозорци, а шаторите под кои биле момчињата силно се треселе.

Тогаш јужнокорејскиот пастор почнал да се буди и да ги повикува момчињата.

„Ситуацијата е сериозна“, им рекол тој на две момчиња што биле во шаторот. „Мораме да станеме и да се молиме.“

Тој ги замолил момчињата да ги разбудат останатите момчиња и да им пренесат на сите да се соберат и да се молат во куќата од прачки.

Во меѓувреме, водачот на мисионскиот проект ги разбудил девојките во куќата од прачки со слични упатства.

Наскоро сите тинејџери се собрале во куќата од слама. При ударот на невремето се треселе ѕидовите на куќата.

Ниту еден од тинејџерите или возрасните не бил сведок на такво невреме.

Било 4 часот наутро.

Сите клекнале и се молеле Бог да ја спречи бурата. Два часа мисионерите се молеле додека ветрот завивал, молњите блескале и паѓал силен дожд. Пасторот се молел Бог да им ги прости гревовите на сите во групата. Тинејџерите пееле богослужбени песни. Секој одвоил време за лична молитва. Потоа пасторот одржал и кратка проповед за тоа како Бог е прибежиште во бура.

Околу 6 часот невремето почнало да стивнува. Пасторот им рекол на тинејџерите да одат во кревет. Гледајќи дека тоа е нивна прва ноќ на островот, тој не сакал да бидат исцрпени за следниот ден.

Кога сите се разбудиле два часа подоцна, сонцето силно блескало на синото небо.

Остатокот од седмицата било слично. Патувањето во мисијата се претворило во сезона на молитва. Кога и да врнело, сите клекнувале и се молеле. Секогаш кога некој од групата се соочувал со некој предизвик, како на пример да ги повика луѓето да присуствуваат на вечерните состаноци, сите клекнувале и се молеле. Тинејџерите сфатиле дека станале борци за спасување души. Понекогаш се молеле за некој кого штотуку го сретнале во блиското село.

Мисионското патување донело некои изненадувања за тинејџерите, кои биле навикнати на удобностите дома во Јужна Кореја, како што е проточна вода. На островот се капеле на отворено, со кофи со вода или во океанот. Сепак, никој не се жалел.

Тинејџерите секоја вечер се собирале во близина на недовршената црква за да ја читаат Библијата, да разговараат за изминатиот ден и да му благодарат на Бога за животот, храната и убавото време.

На крајот од мисионското патување, седум души биле крстени во океанот. Тие ги проучувале основните библиски вистини со членовите на локалната црква и донеле одлука да се крстат за време на евангелските состаноци.

Тинејџерите се радувале што седум луѓе му го предале своето срце на Исуса. Тие се вратиле во Јужна Кореја, изразувајќи ја својата желба да бидат доживотни мисионери за Исуса.

Дел од даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе биде искористен за обучување на учениците на академијата Ханкук Шамјук во Сеул да станат мисионери.

Вашите средства ќе помогнат да се отвори центар за обука на мисионери и спортска сала на кампусот на академијата. Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29 март.

Ендрју Мекчизни





ЈУЖНА КОРЕЈА | 8 март

Џин Сеок

# НЕ МОЖАМ ДА ЖИВЕАМ ВАКА

Џин Сеок имал две години кога неговиот татко починал. Тој воопшто не се сеќава на него.

Таткото бил пастор на адвентистичката црква во Јужна Кореја, а мајката сама ги одгледала Џин Сеок и неговиот брат.

Нејзината вера била и негова вера, сè додека не станал тинејџер.

Тогаш Џин Сеок почнал да размислува за својата вера и одбил да верува во Бога. Мислел: „Ако постои Бог, зошто дозволи тато да умре?“

Момчето му рекло на Бога: „Ако постоиш, можеш и мене да ме убиеш. Не можам да живеам вака!“

Кога имал 15 години, за време на семејното богослужение, одеднаш станал и ја искинал Библијата.

AMsda.org/A25110

## Во врска со искуството

- **Прикажете ги Сеул и Јужна Кореја на мапата на светот.**
- **Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).**
- **Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: WillGo2020.org**

## Мисионски факти

- **Јапонија ја контролирала Кореја од 1910 година до крајот на Втората светска војна. Сојузниците ја поделиле Кореја помеѓу Советскиот Сојуз, кој го држел северот и САД, кој го држел југот. Во 1950 година, комунистите од северот го нападнале југот, што довело до корејската војна, која траела до 1953 година. Војната никогаш официјално не завршила и Корејанците останале поделени до ден-денес.**

„Мамо, не ми кажувај повеќе да верувам во Бога“, рекол тој.

Го напуштил училиштето и се иселил од куќата.

Во текот на следните 10 години, Цин Сеок пушел, пиел и се дружел со световните пријатели. Тој немал Библија и ги мразел христијаните, особено адвентистите.

Еден ден тој ненамерно завршил на кампусот на адвентистичкиот универзитет во главниот град на Јужна Кореја, Сеул. Тој бил во друштво на еден од неговите пријатели, кој имал некои обврски на универзитетот Шамјук.

Додека го чекал својот пријател, сакал да испуши цигара, но пушењето било забрането на кампусот. Барал место каде што би можел да пуши без да биде фатен.

Нашол оддалечено место како парк со дрвја и грмушки, седнал на клупа и запалил цигара.

Додека пушел, погледнал наоколу и погледот му го привлекол библиски стих врежан во каменот. Одеднаш сфатил дека е во молитвената градина на универзитетот.

Поплава од емоции го исполниле неговото срце. Тој немал сеќавања за својот татко, но се сетил дека татко му студирал да стане пастор на истиот универзитет. Татко му веројатно се молел во истата молитвена градина.

Тогаш мислите на Цин Сеок се свртеле кон неговата мајка. Се сетил дека слушнал дека мајка му е многу болна. Неколку луѓе му рекле дека таа може наскоро да умре.

Срцето му се исполнило со тага. Татко му починал кога тој имал две години, а сега мајка му умира кога тој имал 25 години.

„Не можам да живеам вака!“ Сега Џин Сеок почнал да жали за мајка си. Тој помислил: „Таа го загуби својот сопруг. Има два сина, но и мене ме изгуби. Ѝ го кршам срцето, а таа сега умира“.

Солзи почнале да се слеваат по образите. Во молитвената градина на универзитетот, со запалена цигара меѓу прстите, за прв пат по многу години му се обратил на Бога.

„Боже, ако постоиш, те молам помогни ми“, рекол тој. „Те молам помогни ѝ на мама. Ако го направиш тоа, ќе ти го предадам моето срце. Ќе ти го дадам мојот живот“.

Набргу по таа молитва, мајката закрепнала, а Џин Сеок го одржал ветувањето. Тој станал пастор, исто како и неговиот татко. Дипломирал на Универзитетот Шамјук исто како и неговиот татко.

Мајка му била пресреќна!

Но, приказната не завршила тука. Џин Сеок се оженил, добил ќерка и сега со неговата сопруга помага во одгледувањето на четири момчиња со самохрани родители.

Сеќавајќи се како пораснал без татко, почнал да се грижи за четирите момчиња со поддршка од членовите на црквата каде што е пастор.

Момчињата, кои сега се тинејџери, живеат многу поинаков живот отколку што живеел Џин Сеок на нивна возраст бидејќи ја гледаат неговата љубов и знаат дека имаат Татко на небесата кој ги сака уште повеќе. Сите четири момчиња му го предале своето срце на Исуса преку крштевање.

Џин Сеок се надева дека еден ден ќе ги испрати во средното адвентистичко училиште во Сеул. Тој се надева дека ќе станат мисионери.

Поминале деновите кога Џин Сеок извикал: „Не можам да живеам вака!“ Открил дека навистина вреди животот да се помине со Бога и се радува на средбата со својот татко кога Исус повторно ќе дојде.

Дел од даровите на тринаесеттата сабота во ова тримесечје ќе биде наменет за академијата Ханкук Шамјук, каде Џин Сеок се надева дека ќе ги испрати своите посвоени синови на училиште.

Вашите средства ќе го поддржат отворањето на центарот за обука на мисионери и спортска сала во училиштето. Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства на 29 март.

Ендрју Мекчизни

Оливија / Давид





# ДА СЕ ВСАДИ БОЖЈАТА РЕЧ

Ова тримесечје Северната азископацифичка дивизија, преку Проектот на Тринаесеттата сабота, става акцент на обуката на децата да станат мисионери. Проектот предвидува отворање центар за обука на мисионери на академијата Ханкук Шамјук во Јужна Кореја. Меѓутоа, една мајка од Јужна Кореја вели дека обучувањето на децата да станат мисионери започнува уште во домот. Таа почнала да работи со нејзиниот син кога тој само што почнал да зборува. Ова е животна приказна за тоа како Оливија го всадува Божјото слово во срцата на нејзините деца.

Кога Давид имал 18 месеци, мајка му почнала да му чита четири мали книги. Секоја книга имала по некој библиски текст и едноставни слики. Првата книга го имала Псалм 1; втората, Матеј 5,3–12 , третата, Јован 14,1–4 , и четвртата, 1 Коринќаните 13.

Мајка му му читала од книгите наутро, му читала кога тој легнувал навечер. Таа му ги читала и во текот на денот.

За само еден месец, малиот Давид, кој штотуку учел да зборува, ги запаметил сите четири книги. Денес, Давид има 7 години и знае напамет околу 350-400 библиски стихови. Како е можно тоа?

Мајката на Давид, чие име е Оливија Ким, била охрабрена од нејзината свекрва, која ги научила своите четири посвоени деца да читаат и пишуваат, запомнувајќи библиски стихови.

Оливија била длабоко трогната кога од прва рака видела како Библијата ги преобразува малите срца. Кога станала мајка, сакала да го стори истото и за својот син. Почнала да му ги чита четирите мали книги што ги напишала нејзината свекрва.

Додека читала, очите на Давид ги следеле сликите, а неговите уши го следеле нејзиниот глас. Тој

не зборувал ништо. Не знаел да чита. Но, по еден месец ги научил книгите на памет.

Кога мајката ќе ја покажела сликата, тој ги препознавал и ги повторувал зборовите, како што е напишано на страницата од книгата.

Мајка му била зачудена, бидејќи тоа било во исто време кога тој почнал да зборува и да изговара смислени зборови и реченици.

Потоа мајката направила книги поврзани со Псалм 121, 3. Мојсеева 6,4-9, пораката на тројцата ангели во Откровение 14, Десетте заповеди во 2. Мојсеева 20 и благословите и проклетствата во 5. Мојсеева 28.

Таа му читала на Давид 20-30 минути наутро и 20-30 минути навечер. Му ги читала и преку ден. Тој ги запомнил и тие книги.

Давид и неговата мајка се потпираат на библиските стихови во нивниот секојдневен живот. Давид оди во градинка каде што наставничката понекогаш пушта цртани за време на одморот. Популарните корејски цртани прикажуваат духови кои изгледаат слатко и безопасно, но приказните можат да бидат сериозни. Откако гледал еден од тие цртани, Давид една вечер се исплашил и потрчал во спалната соба на мајка си.

„Мамо, се плашам", рекол тој.

„Зошто се плашиш?"

„Се сетив на цртаниот филм што го гледав денес", одговорило момчето.

„Не плаши се бидејќи Бог е со тебе, оваа куќа е под Божја заштита. Ангелите нè чуваат. Ајде, заедно да го рецитираме Псалм 121".

AMsda.org/A25111

## Во врска со искуството

- Прикажете ги Сеул и Јужна Кореја на мапата на светот.

  Знајте дека семејството на Давид е дел од школата Шема рецитал, адвентистичка програма во Јужна Кореја каде што околу 100 деца и нивните родители запаметуваат повеќе од 300 библиски стихови на англиски јазик.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали и списите на Елена Вајт. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот." Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: WillGo2020.org

Мајката и синот заедно го рецитирале Псалм 121, кој започнува со зборовите: „Ги подигам моите очи кон горите: откаде ќе ми дојде помош? Мојата помош е од Господа, Кој ги создаде небото и земјата“ (Псалм 121,1,2).

Во една прилика, Давид бил непослушен. Имал 4 години и бил премногу возбуден по вечерното богослужение. Не сакал да се измие, да ги измие забите и да ги собере играчките расфрлани низ собата. Мајка му била зафатена со домашни работи, миење садови, перење алишта и грижа за шестмесечната ќерка. Поминало еден час од вообичаеното, 19:00 часот, неговото време за спиење. Мајката станала нервозна, додека Давид продолжил да си игра и да трча низ куќата. По кратко време таа го загубила трпението и викнала: „Зошто се однесуваш вака? Прави како што ти реков! Собери си ги работите!“

Момчето се стаписало. Мајка му ретко викала. Прво погледнал кон мајка си, а потоа тажно погледнал надолу. На мајка му ѝ било жал што го подигнала гласот. Додека двајцата стоеле таму, таа се сетила на стиховите од 1. Коринќаните 13 и почнала тивко да ги рецитира: „Ако ги зборувам човечките и ангелските јазици, а љубов немам – тогаш сум бронза што ѕвони, или кимвал што ѕвечи“ ( 1. Коринќаните 13,1). Тогаш таа го погледнала Давид и во неговите очи видела дека и тој во својот ум го рецитира 1. Коринќаните 13.

Се насмевнала. И Давид се насмевнал. Топло се прегрнале.

„Жал ми е што го подигнав гласот“, рекла таа. Давид се насмевнал и ја прегрнал уште поцврсто. Потоа се пресоблекол во пижами, ги измил забите и си легнал.

Денес Давид сака да ги учи напамет библиските стихови. Неговата сестра Абигејл има 3 години и ги учи напамет првите четири книги кои тој исто така прв ги научил.

И мајката запамтила сè што учеле и нејзините деца. Таа открила дека процесот на меморирање се случува автоматски додека неколку пати им ги чита текстовите на своите деца.

Искрено се надевам дека стиховите што децата ги учат напамет денес, еден ден ќе бидат на нивните усни, кога тие ќе станат мисионери за Божјото царство“.

Молете се за Оливија и за секој родител кој сака да го всади Божјото слово во срцата на своите деца. Молете се многу мисионери да излезат од таквите домови. Молете се и за мисионскиот центар за обука што ќе биде отворен со помош на даровите на Тринаесеттата сабота во ова тримесечје.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите великодушни средства на 29 март.

Ендрју Мекчизни





Филип

# ИЗНЕРВИРАНИОТ МИСИОНЕР



Еден од проектите на Тринаесеттата сабота ова тримесечје има за цел да ги оспособи младите да бидат мисионери во Јужна Кореја. Проектот предвидува отворање на мисионски центар за обучување во Академијата Ханкук Шамјук во Сеул. Програмите за обука на мисионерите се главен дел од животот на адвентистите во Јужна Кореја. Искуството за оваа седмица зборува за Филип, кој се приклучил на една таква програма наречена „Мисионска програма за обука Компас", која вклучувала тримесечен престој и мисионски активности во американскиот град Атланта.

Филип излегол од авионот во Атланта, подготвен три месеци да работи во урбана мисија. На 23-годишниот јужнокорејски мисионер му претстоел напорен распоред со активности. Во текот на седмицата, тој требало да работи со бегалците, вклучително и менторство и помагање на децата бегалци во нивните училишни задачи. Во саботите требало да ги поучува децата во саботната школа и да има други активности.

Но, набрзо наишол на проблем: тоа бил неговиот цимер.

Филип пристигна со група други Јужнокорејци кои допатувале во САД за да служат како мисионери. Тие биле поделени во парови, а Филип добил задача да биде со Самуел, кој имал 20 години. Филип и Самуел се вселиле во изнајмена куќа.

На Филип не му требало многу време да се изнервира со цимерот. Самуел секогаш размислувал многу долго пред да проговори. Потоа, кога ќе почнел да зборува, зборувал многу бавно. Филип налутено си помислил: „Зошто не може да размислува и да зборува побрзо?"

Неговото незадоволство растело. Двајцата младичи јаделе едноставни оброци, обично салата и друга храна останата од нивниот заеднички саботен ручек во локалната корејска црква. Еден ден, Самуел решил да го загрее преостанатото јадење со ориз во рерна-

та. Но, садот со ориз изгорел и се залепил за садот за печење.

Филип се изнервирал затоа што го предупредил Самуел да внимава додека го грее јадењето со ориз. Потоа Самуел се обиде да загрее уште една порција од тоа јадење со ориз, но овој пат во тава на шпоретот. Но садот со ориз повторно изгорел и се залепил за тавата. Вознемиреноста на Филип растела, но тој не рекол ништо.

Самуел исто така малку зборувал во текот на првиот месец од нивниот престој во Соединетите Држави.

Еден ден им предложил да се молат заедно пред да излезат на работа со бегалците. Момчињата никогаш не се молеле заедно. Молитвата на Самуел го шокирала Филип.

Зборувајќи бавно, како и секогаш, тој се молел: „Те молам, Господи, помогни ми да не го мразам Филип“.

Филип разбрал дека Самуел се молел двајцата да се сложуваат. Не бил радосен поради молитвата, туку тоа му пречело. Уште повеќе се налутил кога Самуел ја повторил истата молитва следниот ден, а потоа и следниот. „Те молам, Господи“, се молел Самуел, „помогни ми да не го мразам Филип“.

Филип и Самуел сѐ поретко разговарале меѓу себе. На крајот, тие целосно престанале да зборуваат.

Конфликтот го достигнал својот врв еден месец пред да заврши нивниот престој во САД.

Филип го возел автомобилот, а Самуел седел до него. Тие биле исцрпени и заспале. Одеднаш се разбудиле и виделе дека со голема брзина се движат кон возилото пред нив. Филип нагло свртел в лево, преминувајќи на спротивната лента. Тогаш директно се судриле со голем камион.

Автомобилот бил згмечен, но Филип и Самуел излегле неповредени. Возачот на камионот исто така не бил повреден, а камионот имал помали вдлабнатини на предниот браник.

Дома, Филип и Самуел се прегрнале и паднале на колена за да му се заблагодарат на Бога за животот. Филип се чувствувал засрамено. Тој дошол во Соединетите Држави за да им сведочи за Бога на другите луѓе, но наместо тоа, тој бил фокусиран само на себе. Овде лежел коренот на неговиот судир со Самуил. Но сега, судирот изгледал толку мал и неважен. Филип си помислил: „Требаше сето ова време да се прегрнеме и да се молиме заедно, за Господ да нѐ благослови како мисионери“.

Самуел предложил да им кажат на корејските сопственици на изнајмената куќа, брачен пар кој не е христијански, за несреќата.

Кратко време подоцна, Филип и Самуел на брачната двојка им кажале сѐ за двомесечниот период на несогласување, незадоволство и судир. Тие им раскажале сѐ од почеток до крај.

Тоа не бил библиски разговор за спасение. Тоа било нивното искуство за тоа колку Бог е трпелив и како Тој секогаш бил со нив во оваа мисија во Соединетите Американски Држави.

Тоа било првпат Филип да сподели со некого што значи Бог за него. Се плашел дека брачната двојка ќе реагира негативно. Но, тие само изразиле загриженост за неговото здравје и за здравјето на Самуел.

Мисионското патување во Соединетите Држави значело пресвртница во животот на Филип. Кога се вратил во Јужна Кореја, од него било побарано да напише сведоштво за неговото искуство и престој во САД.

Тој напишал листа на неговите достигнувања, вклучувајќи го и решавањето на конфликтот со Самуел. Но, кога ја прочитал листата, се засрамил кога видел дека таа е исполнета со „јас го направив тоа“ или „јас го направив ова“. Ниту еднаш не го спомнал Исуса.

Напишал друг извештај кој исто така не му се допаднал. Сфатил дека ништо не постигнал. Неговото сведочење било дека Бог го употребил за да постигне нешто. На крајот, тој го напишал своето сведочење во една реченица: „Бог ме употреби мене, ваков слаб и горделив, но сепак Тој ме употреби во своето дело“.

AMsda.org/A25112

## Во врска со искуството

- Покажете ги на картата Сеул, Јужна Кореја и Атланта во американската држава Џорџија.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 1 зборува за концептот на оживување на светската мисија и пожртвуваност за мисијата како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите, туку и сите други членови на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Мисионската цел бр. 2: „Да се зајакне и прошири пристапот на адвентистите, преку прозорецот 10/40, меѓу недостижните и недоволно досегнати групи на луѓе.“ Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org

Молете се за корејските млади луѓе кои служат како мисионери низ целиот свет.

Молете се за академијата Ханкук Шамјук чии ученици ќе бидат обучувани да станат мисионери. Мисионскиот центар за обучување ќе се отвори со помош на вашите дарови приложени во Тринаесеттата сабота, на 29 март.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни средства за овој проект во Сеул.

---

Ендрју Мекчизни



ПРОГРАМА НА 13-ТАТА САБОТА | 29 март

Хјун Хи

# СРЕДБА СО БОГА НА УЧИЛИШТЕ

Уште од мала Хјун Хи чувствувала дека мора да оди во црква во сабота. Нејзиниот татко бил пастор на мала црква во Јужна Кореја, а таа не можела да останува дома или да го прави она што сака.

Како што одминувало времето, Хјун Хи почнала да се уморува од црквата и да биде ќерка на пасторот. Не можела да разбере зошто нејзиниот татко зборувал на телефон до доцна во ноќта, па дури работел и за викенди и празници.

Чувство на горчина и гнев го исполниле нејзиното срце кога долгоочекуваниот семеен одмор бил откажан бидејќи нејзиниот татко, како пастор на црквата, не можел да пропушти еден погреб. Таа почнала да ја преиспитува и да покажува сомневање во својата вера.

На шеснаесетгодишна возраст се запишала во адвентистичкото училиште во главниот град на Јужна Кореја, Сеул.

За прв пат била отсутна од дома и живеела во интернат. Хјун Хи за прв пат учела во адвентистичко училиште, бидејќи немало такво училиште во градот каде што живеела со нејзините родители.

На почетокот се чинело дека адвентистичкото училиште е исто како и државното училиште, со исклучок што учителите верувале во Бога и заедно со учениците редовно се собирале на богослужение.

На утринското богослужение, Хјун Хи слушнала најава за нешто што се нарекува „Оние што клечат“. Таа сакала да дознае повеќе за тоа, а бидејќи била срамежлива побарала една девојка да дојде со неа на тој состанок.

Се испоставило дека состанокот на „Оние што клечат“ се одржува во салата за конференции на адвентистичкиот универзитет, кој се наоѓа на истиот кампус како и средното училиште. Салата за состаноци имала клупи како во црква.

Околу 30 тинејџери, половина од нив девојки, половина младичи, седеле во клупите и пееле кога пристигнале Хјун Хи и нејзината пријателка. Еден младич свирел на клавир.

Хјун Хи била изненадена. Таа обично не пеела за време на богослуженијата во нејзината домашна црква. Таа била единствената тинејџерка таму.

Но, овие тинејџери пееле гласно. Таа никогаш не видела таков ентузијазам. Очите ѝ се наполниле со солзи. Ѝ недостигал домот, а музиката била како мелем за нејзината душа.

AMsda.org/A25113

## Пред 13-тата сабота

- **Потсетете ги сите дека нивните мисионски дарови имаат за цел да ја шират Божјата реч низ целиот свет и дека 1/4 од средствата на 13-тата сабота ќе се употребат за проекти во Северната азископацифичка дивизија.**
- **Пред или по секое искуство, користете ја картата за да ги прикажете земјите од Северната азископацифичка дивизија. Мисионската карта со проекти можете да ја преземете на Facebook на: bit.li/fb-mk .**
- **Нараторот не мора да го знае текстот напамет, но би требало да биде доволно запознаен со материјалот, за да не мора да чита сè од списанието.**

Во еден миг исчезнала сета осаменост и таа почувствувала голем мир.

По последната песна, младите клекнале и кратко и тивко се помолиле. Потоа неколку тинејџери наизменично се молеле за тоа што Бог направил во нивниот живот.

„Тие се млади, но имаат вера и се потпираат на Бога. Тие го сакаат Бога и покрај тоа што се соочуваат со проблеми во својот живот“.

Потоа, тинејџерите се поделиле на мали молитвени групи. Во нејзината домашна црква, нејзиното внимание обично би го при-

влекувале други работи за време на молитвата. Но, овие тинејџери очигледно уживале да се молат и да разговараат со Бога со голема посветеност и сериозност. Таа повторно била изненадена. Кога едночасовниот состанок завршил со неколку песни, Хјун Хи со зачуденост забележала: „Овие млади луѓе се поискрени и попосветени на Бога од мене. Таа мислела: „Ова е жива вера. Ја најдов. Христијаните навистина вака живеат".

Додека продолжила да присуствува на седмичните состаноци на „Оние што клечат", открила радост во славењето на Бога. Таа почнала да поминува часови со Него, пеејќи, слушајќи богослужбени песни и молејќи се. За прв пат го почувствувала Божјото присуство. Плачела додека размислувала за Исусовата неверојатна љубов и жртва на крстот.

Како што минувало времето, Хјун Хи  видела дека тинејџерите и учителите сесрдно се молат и го фалат Бога дури и среде нивните проблеми. Таа се вклучила во разни духовни програми на училиште и се придружила на група за проучување на Библијата што ја воделе студенти.

Завршувајќи ја својата прва година од средно училиште, Хјун Хи пронашла голема радост во програмите за богослужение. Таа со задоволство учествувала на седмичните молитвени состаноци, како дел од групата за проучување на Библијата и други духовни активности. Црквата веќе не ѝ изгледала заморно и однапред се радувала што може да оди на разни духовни состаноци секоја сабота.

Нејзините омилени библиски стихови се од Посланието до Филипјаните, кои велат: „Радувајте се секогаш во Господа! Пак велам: радувајте се! Вашата кротост да им биде позната на сите луѓе! Господ е близу. Не грижете се за ништо, туку во сѐ преку молитва и молба со благодарност искажувајте ги своите просби пред Бога! И Божјиот мир, што го надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Христа Исуса" (Филипјаните 4,4-7).

Таа смета дека Бог ја испратил во адвентистичкото средно училиште за да ја научи да живее во согласност со тие стихови.

„Бог ја виде мојата колеблива вера и ми помогна да ја разберам Неговата намера. Го запознав Бога на училиште и научив да му бидам благодарна за сѐ".

Хјун Хи оди во академијата Ханкук Шамјук, која ќе добие дел од денешните дарови на 13-тата сабота. Тие ќе бидат употребени за отворање центар за обука на мисионерите и изградба на спортска сала на кампусот во Сеул, Јужна Кореја.

Денешните дарувања ќе поддржат и четири други проекти во Северната азископацифичка дивизија, кои вклучуваат изградба на засолниште за самохрани мајки во Ансан, Јужна Кореја; изградба на вонучилишни центри во 14 училишта во Јапонија; изградба на детски рекреативен центар во Улан Батор, Монголија; и воспоставување на адвентистички систем на основни школи во Тајван.

Ви благодариме за великодушните дарови.

*(Приложување на даровите придружено со инструментална музика)*

AMsda.org/A25113

## Во врска со искуството

- **Покажете ги на картата Сеул и Јужна Кореја.**
- **Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).**
- **Преземете ги мисионските објави и важни факти од Северната азископацифичка дивизија: bit.ly/nsd-2025.**
- **Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Мисионската цел бр. 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Мисионската цел бр. 6 зборува за зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата и младите во црковните активности. Целта бр. 7: „Да им се помогне на децата, тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот, а со тоа да им дадат пример на другите за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.**

## Мисионско катче

Помогнете ни да допреме до 66% од светската популација која сè уште чека да го искуси спасоносното знаење за Исус. Вашата поддршка со мисионските дарови помага да дојде до промена во животот на луѓето.

• За да бидете сигурни дека средствата на мисијата никогаш не пресушуваат, посетете ја интернет страницата: Giving.AdventistMission.org.

• Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете ги дополнителните материјали за мисијата.

## Брзи факти

- **Претседателската палата во Сеул била именувана како „Чеонг Ва Де“ или Сина куќа (буквално преведена како „павилјон од цијан плочки“), бидејќи за изградба на нејзиниот покрив се користени 150.000 сини плочки.**
- **Корејските деца учат корејски и англиски на училиште, а понекогаш и мандарински. Повеќето луѓе зборуваат англиски доста добро, особено во градовите.**
- **Корејките не го менуваат своето семејно презиме кога стапуваат во брак. Ако мажената жена се вика г-ѓа Ким, тоа обично значи дека тоа презиме го добила при раѓањето.**
- **Некои од познатите корејски јадења се: кимчи, традиционално јадење направено од ферментиран зеленчук и чили; дак галби, луто печено пилешко со сладок компир, оризови топчиња и зеленчук; булгоги, месо на скара со зеленчук; џаџамејонг, многу популарна улична храна од тестенини, зеленчук и пржено свинско или морска храна во сос од црн грав; и бибимбап, чинија ориз со различен зеленчук, послужен со пржено или сурово јајце одозгора.**




Средното училиште на академијата Ханкук Самјук во Сеул, Јужна Кореја. Академијата ќе добие дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје за отворање спортска сала и центар за обука на мисионерите.

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите на 13-тата сабота во следното тромесечје ќе бидат два проекти во Јужната азископацифичка дивизија.

- Изградба на здравствен дом во Брунеи.

- Изградба на предучилишен центар „Надеж во животот“ во Мјанмар.

# Извори за водачите

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео *Mission Spotlight,* кое содржи извештаи од Северната азископацифичка дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации кои можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во ова тримесечје, посетете ги:

## Веб-страници

| | |
|---|---|
| **Монголија:** владина веб-страница | bit.ly/Mongolia_Govt |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Mongolia |
| Откријете ја Монголија | discovermongolia.mn |
| **Јужна Кореја:** владина веб-страница | bit.ly/SKorea_Govt |
| Посетете ја Кореја | bit.ly/VisitKor |
| National Geographic | bit.ly/NG_SKorea |

## Адвентисти на седмиот ден

| | |
|---|---|
| Северна азископацифичка дивизија | bit.ly/SDA_NSD |
| Корејска унија | bit.ly/SDAKorea |
| Источноцентрална корејска област | eckc.or.kr |
| Североисточна корејска област | sekc.or.kr |
| Западноцентрална корејска област | wckc.or.kr |
| Монголска Мисија (Facebook page) | bit.ly/SDA_Mongolia |

Планирањето ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на црквата во светски рамки зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.


АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**

**1/2025**

**Вести од светот**

**Излегува**

**тримесечно**

**Издава:**

Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**

Илија Киров

**Адреса:**

ул.„Влае“ бр. 42

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА




## СЕВЕРНА АЗИСКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Бангладеш | 127 | 288 | 32,652 | 171,186,000 |
| Јапонија | 97 | 48 | 15,095 | 124,931,000 |
| Јужна Кореја | 699 | 133 | 263,237 | 77,697,000 |
| Пакистан | 134 | 116 | 17,631 | 235,825,000 |
| Хималаи | 40 | 30 | 9,420 | 3,436,000 |
| Монголија | 6 | 5 | 3,061 | 3,361,420 |
| Шри Ланка | 35 | 21 | 3,723 | 22,396,000 |
| Тајван | 58 | 28 | 6,956 | 23,610,003 |
| **ВКУПНО** | **1,196** | **669** | **351,801** | **689,553,001** |

## ПРОЕКТИ

1. **Изградба на детски рекреативен центар во Улан Батор, Монголија.**
2. **Изградба на центри за престој на школски деца по наставата во 14 училишта во Јапонија.**
3. **Изградба на прифатилиште за самохрани мајки во Ансан, Јужна Кореја.**
4. **Изградба на спортска сала и мисионски центар за обука при кампусот на академијата Ханкук Шахмјук во Сеул, Јужна Кореја.**
5. **Започнување на адвентистички систем за основни школи на Тајван**